Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на Р.М. бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка (Сл. весник на Р.М. бр. 124/15), Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Бр. 02-958/2
17-03-2018 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

## РЕШЕНИЕ

**за начинот на уплата на паричниот надоместок за добивање на „Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси“**

1. Ова решение се донесува врз основа на точка 3 од Одлуката за утврдување на паричните надоместоци за добивање на Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси и Овластување за одржување, сервисирање и испитување на противпожарните апарати бр.02-958/1 од 17.03.2018 година.

2. Со ова решение се утврдува пропишува начинот на уплата на паричниот надоместок за добивање на „Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси“.

3. Висината на паричниот надоместок од точка 2 на ова решение изнесува 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија и истиот правните лица, пред вршењето на увид (проверка), треба да го уплатат на сметката на Дирекцијата за заштита и спасување:

- жиро сметка..........................................0500360100631-15
- приходна сметка.................................725939-20
- единствен даночен број...................4030004532350
- депонент...................................................НБРМ
- жиро сметка на буџет........................100000000063095

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДИРЕКТОР**
**Аднан Џафероски**

Доставено до:
- Комисија за проверка на утврдените критериуми што треба да ги исполнуваат правните лица за добивање на Овластување за одржување и сервисирање на стабилни инсталации за откривање, јавување и гаснење на пожари и откривање на експлозивни смеси,
- Архива.